ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:30-60/5**

**Дата: 07.03.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА ЧАИР**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Чаир за 2009 година.

При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година, при што е утврдено дека е постигнат задоволителен напредок во имплементација на дадените препораки.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Буџетот на Општина Чаир за 2009 година не содржи Предлог план на програми за развој. Во октомври 2009 година согласно законските одредби усвоен е ребаланс на буџетот но и покрај усвоениот ребаланс на буџетот има значително отстапување на остварените со планираните буџетски приходи и расходи. Ревизијата препорачува при планирање на приходите на буџетот да се поаѓа од реалните можности на општината и историските податоци. Почитувајќи ги законските обврски градоначалникот да предложи а советот да усвои Предлог план на програми за развој.
Иако во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Чаир за 2009 година е предвидено плаќање на рати со обезбедување на банкарска гаранција, во дел од договорите за утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште плаќањето на рати е без да се обезбеди

инструмент за обезбедување на плаќањето. Плаќањето на надоместокот на рати без банкарска гаранција го зголемува ризикот од ненавремена наплата на истиот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 9 и 10 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Чаир за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Чаир за 2005 година. Изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Чаир под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, и негативно мислење за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Изет Меџити, градоначалник во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Чаир за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;

- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија .

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да

ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како потврда на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.11.2010 до 17.11.2010, кај Општина Чаир од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.

## 4. Наоди и препораки

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот на 22.12.2010 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-60/1 од 11.01. 2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Општина Чаир нема донесено Предлог план на програми за развој што не е во согласност со одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за буџетите. Одобрениот план на програмите за развој треба да е составен дел на предлогот на буџетот на општината. Буџетот без Предлог план на програми за развој е нецелосен и создава услови за субјективност во планирањето и менаџирањето со средствата потребни за реализирање на проекти во подолг временски период.

**Препорака:**

Градоначалникот во законски утврдените рокови да изготвува и доставува до советот Предлог план на програми за развој, кој треба да се усвои најдоцна до 15 ноември во тековната за наредната година.

4.1.2. Општина Чаир со Буџетот за 2009 година има планирано приходи/расходи во износ од 221.289 илјади денари, меѓутоа во текот на 2009 година реализирани се приходи во износ од 109.123 илјади денари и расходи во износ од 104.196 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 49%, а расходите со 47%. Извршен е ребаланс на буџетот во октомври 2009 година, но има значително отстапување на планираните буџетски приходи и расходи со остварените.

Согласно член 36 точка 3 од Законот за буџетите и член 29 од Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е предвидено со буџетот, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината. Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи е резултат на нереално планирање, не почитување на реалните можности на Општината и историските податоци со што се нарушува принципот на добро менаџерско управување.

**Препорака:**

Одделението за буџет и материјално финансиско работење:

- планирањето на буџетските приходи и расходи да го темели на реалните состојби и можности на општината и податоците за остварувањата на приходите во претходните години;
- во текот на годината да го следи извршувањето на буџетот. Во случај на позначителни отстапувања, градоначалникот да му предложи на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс), а советот на Општината да донесе ребаланс на Буџетот.

4.1.3. Не е извршен попис на побарувањата, од аспект на утврдување на правната основа за постоење и старосната структура на истите, што не е во согласност со членот 31 в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на побарувањата се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните состојби. Неизвршување на пописот во согласност со законската регулатива создава ризик од нецелосно евидентирање на побарувањата и нереално искажување на билансните позиции и финансиските извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот при донесување на решението/одлуката за вршење попис, Комисијата да ја задолжи да врши попис на побарувањата во функција на утврдување на нивната правна основа и староснa структура, со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

4.1.4. Општина Чаир во август 2007 година има склучено договор со „Акцент Медија“ ДООЕЛ Скопје како инвеститор, за регулирање на меѓусебни односи за изградба на пешачки надпатник на булевар “Цветан Димов„ на местото викано Бит Пазар, со тоа што инвеститорот целосно ја финансира изградбата на објектот и сите претходни работи, а за возврат на вложената инвестиција ќе го користи рекламниот простор во рок од 15 години од денот на пуштање во употреба. Во јули 2009 година склучен е анекс договор со кој се прецизира основниот договор.
Согласно Одлуката на Советот на Град Скопје за утврдување магистрални и собирни улици во Градот Скопје, булевар Цветан Димов е магистрална улица и е во надлежност на Градот Скопје. Секторот за планирање и уредување на просторот на Градот Скопје има дадено согласност за отстапување на правото на изградба на надпатник на Општина Чаир, а не Советот на Градот Скопје. Советот на Општина Чаир нема донесено Одлука за отстапување на правото на изградба на надпатникот со давање на правото за користење на рекламен простор на приватен инвеститор, а Општина Чаир нема спроведено постапка на јавен конкурс за доделување на право на изградба и користење на натпатникот при изборот на инвеститорот. Ваквото постапување не е во согласност со одредбите од Законот за концесии и Законот за локална самоуправа и придонесува за намалување на транспарентноста во работењето на општината.

**Препорака:**
При доделување на право на користење на добро од општ интерес да се спроведува постапка почитувајќи го принципот на транспарентност и јавност во согласност со одредбите од Законот за концесии и јавно приватно партнерство и Законот за локална самоуправа.

**4.2. Финансиски извештаи**

4.2.1. Општина Чаир во 2009 година нема остварено приходи од комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни возила, иако од страна на Управата за јавни приходи со извршена контрола е утврдено дека се наплаќа користење на паркинг простор наспроти поликлиниката „Бит Пазар“.
Според член 3 точка 8 од Законот за комунални такси, такса се плаќа за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни возила, сразмерно на времето на користење на правото и тоа во моментот на користење на правото за кое е пропишано плаќање на таксата. Наплатата на таксата согласно законот ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг просторот и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во Градот Скопје и за Градот Скопје на чие подрачје е извршена наплата. Непочитување на одредбите од Законот за комунални такси придонесува за помалку остварени приходи во буџетот на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности:

- органите на општината да преземат мерки и активности за доследно спроведување на надлежностите во делот на инспекцискиот надзор над утврдувањето и наплата на сите приходи за кои е надлежна општината, и
- паркинг просторите на територијата на општината да се легализираат, да се уредат и општината да ги даде на стопанисување на надлежен субјект.

4.2.2. При ревизија на Побарувањата утврдивме постоење ризик од нецелосна и ненавремена наплата на дел од приходите на општината поради следното:

- и покрај тоа што во Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на Општина Чаир за 2009 година е предвидено плаќање на рати на надоместокот за уредување на градежно земјиште со обезбедување на банкарска гаранција, за износ од 5.112 илјади денари нема обезбедување на плаќањето;
- за износот од 3.653 илјади денари евидентирано е плаќање но не е евидентирано побарувањето поради необезбедени документи и недоволна соработка меѓу службите во општинската администрација, и
- за ненаплатените побарувања од закуп, доставени се опомени, но не се преземени законски мерки за присилна наплата.

**Препорака:**

- при склучување на договорите за плаќање на рати, службите да обезбедат инструмент за обезбедување на плаќањето;
- согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, да се евидентираат побарувањата од комитентите кога ќе настанат, и
- за ненаплатените побарувања да се преземат законски мерки за присилна наплата.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Чаир на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет(630) на Општина Чаир, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

Општина Чаир е тужена страна за износ од 25.382 илјади денари од 5 правни лица и 6 физички лица, од кои 3 предмети на неопределена вредност, по основ на: надомест за експропријација, надомест на штета и работен спор, стекнување без основ, право на сопственост и неосновано збогатување, кои постапки се во тек. Општина Чаир се јавува како тужител против: 7 правни лица (чии сметки се блокирани или друштвата се во стечај) за износ од 1.524 илјади денари по основ на долг (за дел има поднесено извршни решенија).

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 18. 02. 2011 година



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

## ОПШТИНА ЧАИР

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 73.279 | 128.602 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 5.941 | 5.170 |
| Капитални приходи | 3.3. | 3.840 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 26.063 | 24.789 |
| **Вкупно приходи** | | **109.123** | **158.561** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 26.742 | 25.661 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 216 | 636 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 36.107 | 66.104 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 4.335 | 7.132 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 309 | 968 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **67.709** | **100.501** |
| **Капитални расходи** | **3.6.** | **36.487** | **48.805** |
| **Вкупно расходи** | | **104.196** | **149.306** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **4.927** | **9.255** |

## ОПШТИНА ЧАИР

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4.927 | 9.255 |
| Побарувања | 4.1.2. | 70.679 | 56.551 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 136 | 120 |
| **Вкупно тековни средства** | | **75.742** | **65.926** |
| **Вкупна актива** | | **75.742** | **65.926** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.2.1. | 136 | 120 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 75.606 | 65.806 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **75.742** | **65.926** |
| **Вкупна пасива** | | **75.742** | **65.926** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ________________________

**Прилог 1**

**Резултати**

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Општина Чаир на сметката на основен буџет (630)

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.1.** | **11.1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите** | | | |
| 11.1.1. | Во врска со наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати, ревизијата утврди дека побарувањата не се измируваат редовно во рокови утврдени со договорите, а од надлежните во општината не се превземаат соодветни мерки за наплата. Надлежните служби не обезбедуваат гаранција односно инструменти за обезбедување на | Надлежните служби на општината да обезбедуваат инструменти за обезбедување на плаќањата како гаранција на побарувањата кои се | Делумно спроведена | - во еден договор има предвидено обезбедување на плаќањето со банкарска гаранција<br>- два договори се без инструмент за обезбедување на плаќањето |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште за кој е договорена наплата на рати. Поради тоа што плаќањето на ратите не се врши во роковите утврдени со договорот, на 31.12.2005 година по основ на побарувања за надомест за уредување на градежно земјиште се јавува ненаплатено побарување во износ од 2.925 илјади денари.<br>По извршената ревизија, од страна на одговорните лица во општината преземени се мерки за наплата на заостанатите побарување и е наплатено наведеното побарување од физичко лице за што е приложен доказ – банков извод бр.16 од 27.02.07 во прилог на забелешките по предходниот извештај. Од банковиот извод и уплатницата може да се види дека надоместот за комуналии е платен од друго лице а не од носителот на договорот. | плаќаат на рати. | | |
| 11.1.2. | Расходите и приходите во сметководството и билансот на приходи и расходи за 2005 година се евидентирани во поголем износ за 13.050 илјади денари бидејќи при затворање на сметката од деловната банка и пренос на трезорската сметка | Трансакциите предизвикани од затварање на една сметка и префрлање на салдото на друга | Спроведена | субјектот: Сметките се затвараат согласно упатството за трезорско работење |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | салдото на истата од 13.050 илјади денари, според изводот на Комерцијална банка АД Скопје број 98 од 13.06.2005 година, е евидентирано како приход и расход . Тоа не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереални приходи и расходи за 2005 година. | новоотворена сметка не претставува расход и приход, поради што надлежните во општината треба да евидентираат само пренос на средствата од сметка на сметка. | | |
| 11.1.3. | Во 2005 година, до месец април, општина Чаир има остварени приходи од наплата на надоместок за употреба на градежно земјиште, пропишан со Одлука за утврдување на надоместок за употреба на градежно земјиште во населени места во општина Чаир донесена од Советот на општината и објавена во Сл. гласник на град Скопје бр. 10/2000 и измена во бр. 12/2000. Одлуката е донесена на основа членот 44 од Законот за градежно земјиште Сл.весник на РМ 10/79 ....18/99. Согласно Законот за градежно земјиште (Сл. весник на РМ бр 53/2001), овој надоместок е укинат, не се плаќа поради | | Спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ _______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | што и надлежните во општината не требало да вршат пресметување и наплата на истиот. Неоснованата наплата на овој надоместок придонела за остварување на зголемени приходи. Таквата пракса е укината од месец април 2005 година, поради што ревизијата не дава препорака. | | | |
| **11.2.** | **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 11.2.1. | Не е извршен попис на побарувањата со состојба на 31.12.2005 година, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Решението на градоначалникот за формирање комисија за вршење на овој вид на попис. Поради тоа помеѓу искажаната состојба на побарувањата според вонбилансната евиденција и состојбата на побарувањата по делбениот биланс со општина Бутел се јавува разлика од 3.781 илјади денари поради не евидентирана наплата на побарување од физичко лице по основ на надомест за уредување на градежно земјиште, кое во делбениот биланс помеѓу општина Чаир и | Согласно обврските од законските прописи и интерните акти да се врши попис на побарувањата со што реално ќе се искаже состојбата по овој основ. | Не е спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | новоформираната општина Бутел е искажано во износ од 6.706 илјади денари. Ефектот од тоа е нереално искажана состојба во финансиските извештаи на 31.12.2005 година. | | | |
| 11.2.2. | Состојбата на ставката Побарувања од купувачите е потценета за износ од 27.246 илјади денари за кој износ е потценета состојбата на ставката Пасивни временски разграничувања поради не евидентирани побарувања за плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште и закупнини за издавање на деловни простории, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетот и буџетските корисници. Побарувањата произлегуваат од ненаплатен надоместок за уредување на градежно земјиште од:<br>- побарување од физичко лице по договор број 10-14765/3/2 од 31.12.2003 година, остаток во износ од 2.925 илјади денари и<br>- „САФ КОМЕРЦ„ ДОО Скопје и „ЗСФ - КОМ„ ДООЕЛ Скопје по договор 08 - 328/8 година од 10.05.2005 година, остаток во износ од 23.998 илјади денари, и | Побарувањата за кој постои реална основа и кои се темелат на веродостојна и валидна документација да се евидентираат во сметководството, согласно законските прописи. | Спроведена | Субјектот:<br>Побарувањата сметководствено се евидентираат |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________
*2.* ____________________ ____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - износ од 323 илјади денари неевидентирани побарувања за издаден деловен простор под закуп кој се однесува за 2005 година. За овој вид на побарувања нема евиденција во општината за вкупниот износот на побарувањата кои потекнуваат од претходни години. Општина Чаир побарувањата ги евидентира вонбиласно кај сметката на Органот. | | | |
| 11.2.3. | Побарувањето по основ на надомест за уредување на градежно земјиште од правните субјекти „САФ КОМЕРЦ„ ДОО Скопје и „ЗСФ - КОМ„ ДООЕЛ Скопје по основниот договор број 08 - 328/8 година од 10.05.2005 година на износ од 24.613 илјади денари е договорено да се наплати на 40 рати од кој првата од 615 илјади денари на 06.04.2005 година, а остатокот од 23.997 илјади денари на 39 рати од 06.05.2005 до 06.06.2008 година. Износот од 615 илјади денари е платен на 04.05.2005 година. Други износи не се платени. Со Анекс договор број 1 од 08 - 328/17 од 30.12.2005 година кон основниот договор е договорено наместо парични средства на име надоместок за уредување на градежно земјиште | Наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште да се врши согласно законските прописи, а не да се врши наплата во материјални добра како компензација на паричните побарувања. | Спроведена | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | општина Чаир да добие 4 стана во зградата која се гради со вкупна површина од 428 м2 по 58 илјади денари за квадрат или 943 евра за м2, што е спротивно на надлежностите на општините пропишани со Законот за локална самоуправа. Со ваквиот начин средствата за комунално уредување се намалуваат и за сметка на комуналното уредување на просторот општината се здобива со станбен простор. Основна дејност на општината не е стопанисување со станбен и деловен простор нејзините надлежности се токму во сферата на комуналното уредување на просторот. Со ваквиот начин општината, купува станбен простор по напред утврдени цени без да се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки и Законот за локална самоуправа.<br>По извршената ревизија во текот на месец февруари 2007 година, од страна на одговорните лица се преземени мерки за надминување на оваа неправилност и е извршена уплата на 12.000 илјади денари на заостанат долг по основ на надомест за уредување на градежно земјиште за | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | што е доставен доказ Б.И. бр.13 од 19.02.2007 година со забелешките по Претходниот извештај. | | | |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________
*2.* ____________________ ____________________